Врз основа на член 7 став 1 од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" бр. 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 јуни 2021 година, донесе

# О Д Л У К А

## за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/2033 на Советот од 10 декември 2020 година за изменување на Одлуката 2010/788/ЗНБП за рестриктивни мерки против Демократска Република Конго

### Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/2033 на Советот од 10 декември 2020 година за изменување на Одлуката 2010/788/ЗНБП за рестриктивни мерки против Демократска Република Конго.

### Член 2

Оваа одлука се однесува на следните видови рестриктивни мерки:

- ембарго на оружје;
- ембарго на стоки и услуги;
- финансиски мерки;
- забрана за влез во Република Северна Македонија

### Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии - Управата за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

### Член 4

Одлуката (ЗНБП) 2020/2033 на Советот од 10 декември 2020 година за изменување на Одлуката 2010/788/ЗНБП за рестриктивни мерки против Демократска Република Конго во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

### Член 5

Рестриктивните мерки против Демократска Република Конго се продолжуваат до 12 декември 2021 година.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр. 40-5546/1**
**1 јуни 2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**

**ОДЛУКА (ЗНБП) 2020/2033 НА СОВЕТОТ**

**од 10 декември 2020 година**

**за изменување на Одлуката 2010/788/ЗНБП за рестриктивни мерки против Демократска Република Конго**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската Унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 20 декември 2010 година, Советот ја донесе Одлуката 2010/788/ЗНБП ([1]) за рестриктивни мерки против Демократска Република Конго (ДРК).

(2) На 12 декември 2016 година, Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2016/2231 ([2]) како одговор на попречувањето на изборниот процес и поврзаните повреди на човековите права во ДРК. Одлуката (ЗНБП) 2016/2231 ја измени Одлуката 2010/788/ЗНБП и воведе автономни рестриктивни мерки во членот 3(2) од Одлуката 2010/788/ЗНБП.

(3) Врз основа на преглед на рестриктивните мерки утврдени во член 3(2) од Одлуката 2010/788/ЗНБП, тие мерки треба да се обноват до 12 декември 2021 година и едно лице да се отстрани од списокот во Анекс II на таа одлука.

(4) Образложенијата за основите во врска со одредени лица наведени во списокот во Анекс II кон Одлуката 2010/788/ЗНБП треба да се изменат.

(5) Според тоа, Одлуката 2010/788/ЗНБП треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Одлуката 2010/788/ЗНБП се менува како што следува:

(1) во член 9, став 2 се заменува со следното:

„2. Мерките наведени во член 3(2) се применуваат до 12 декември 2021 година. Тие се обновуваат или, доколку е потребно, се менуваат ако Советот смета дека нивните цели не се постигнати.“;

---

([1]) Одлука на Советот 2010/788/ЗНБП од 20 декември 2010 година за рестриктивни мерки против Демократска Република Конго и укинување Заеднички став 2008/369/ЗНБП (Сл. весник L 336, 21.12.2010 година, стр. 30).

([2]) Одлука на Советот (ЗНБП) 2016/2231 од 12 декември 2016 година за изменување на Одлуката 2010/788/ЗНБП за рестриктивни мерки против Демократска Република Конго (Сл. весник L 336I, 12.12.2016 година, стр. 7).

(2) Анекс II кон Одлуката 2010/788/ЗНБП се заменува со текстот што се појавува во Анексот кон оваа одлука.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила следниот ден од денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија.*

Брисел, 10 декември 2020 година.

*За Советот*

*Претседател*

М. РОТ

АНЕКС

„АНЕКС II

**СПИСОК НА ЛИЦА И СУБЈЕКТИ НАВЕДЕНИ ВО ЧЛЕН 3(2)**

А. Лица

| | Име и презиме | Податоци за идентитетот | Основи за внесување во список | Датум на внесување во список |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ilunga KAMPETE | a.k.a. Gaston Hughes Ilunga Kampete; Hugues Raston Ilunga Kampete<br><br>Датум на раѓање: 24.11.1964<br><br>Место на раѓање: Lubumbashi, ДРК<br><br>Националност: ДР Конго<br><br>Број на воена легитимација: 1-64-86-22311-29<br><br>Адреса: 69, avenue Nyangwile, Kinsuka Mimosas,<br><br>Kinshasa/Ngaliema, ДР Конго<br><br>Пол: машки | Како командант на Републиканската гарда (ГР) до април 2020 година, Ilunga Kampete бил одговорен за единиците на ГР распоредени на теренот и вклучени во прекумерната употреба на сила и насилна репресија во септември 2016 година во Kinshasa.<br><br>Тој бил исто така одговорен за репресијата и прекршувањето на човековите права извршени од агенти на ГР, како што е насилната репресија против митингот на опозицијата во Lubumbashi во декември 2018 година.<br><br>Од јули 2020 година тој и понатаму е воено лице со висок ранг, како генерал-полковник во конгоанските вооружени сили (FARDC) и командант на воената база Kitona во покраината Kongo Central. Поради својата функција, тој е одговорен за неодамнешните повреди | 12 декември 2016 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | на човековите права извршени од FARDC.<br><br>Оттука, Ilunga Kampete бил вклучен во планирање, насочување или извршување дела што претставуваат сериозни повреди или злоупотреби на човековите права во ДРК. | |
| 2 | Gabriel Amisi KUMBA | a.k.a. Gabriel Amisi Nkumba; „Tango Fort“; „Tango Four“<br><br>Датум на раѓање: 28.5.1964<br><br>Место на раѓање: Malela, ДРК<br><br>Националност: ДР Конго<br><br>Број на воена легитимација: 1-64-87-77512-30<br><br>Адреса: 22, avenue Mbenseke, Ma Campagne, Kinshasa/Ngaliema, ДР Конго<br><br>Пол: машки | Поранешен командант на првата одбранбена зона на конгоанските вооружени сили (FARDC), коишто учествувале во прекумерна употреба на сила и насилна репресија во септември 2016 година во Kinshasa.<br><br>Како заменик-началник на Генералштабот на FARDC одговорен за операции и разузнавање од јули 2018 година до јули 2020 година и поради неговата висока позиција како главен инспектор на FARDC од јули 2020 година, тој е одговорен за неодамнешните повреди на човековите права извршени од страна на FARDC.<br><br>Оттука, Gabriel Amisi Kumba бил вклучен во планирање, насочување или извршување дела што претставуваат сериозни повреди или злоупотреби на човековите права во ДРК. | 12 декември 2016 година |
| 3 | Ferdinand Ilunga LUYOYO | Датум на раѓање: 8.3.1973<br><br>Место на раѓање: Lubumbashi, ДРК<br><br>Националност: ДР Конго | Како командант на единицата за контрола на немири наречена Légion Nationale d'Intervention на конгоанската национална полиција (PNC) сè до 2017 година и како командант на единицата за заштита на институции и службени лица со висок ранг во рамките | 12 декември 2016 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Број на пасош на ДРК: OB0260335 (со важност од 15 април 2011 до 14 април 2016 година)<br><br>Адреса: 2, avenue des Orangers, Kinshasa/Gombe, ДР Конго<br><br>Пол: машки | на PNC до декември 2019 година, Ferdinand Ilunga Luyoyo бил одговорен за прекумерната употреба на сила и насилна репресија во Kinshasa во септември 2016 година и е одговорен за понатамошните повреди на човековите права извршени од PNC.<br><br>Оттука, Ferdinand Ilunga Luyoyo бил вклучен во планирање, насочување или извршување дела што претставуваат сериозни повреди или злоупотреби на човековите права во ДРК.<br><br>Ferdinand Ilunga Luyoyo го задржа својот ранг на генерал и останува активен на јавната сцена во ДРК. | |
| 4 | Célestin KANYAMA | a.k.a. Kanyama Tshisiku Celestin; Kanyama Celestin Cishiku Antoine; Kanyama Cishiku Bilolo Célestin; „Esprit de mort“<br><br>Датум на раѓање: 4.10.1960<br><br>Место на раѓање: Kananga, ДРК<br><br>Националност: ДР Конго<br><br>Број на пасош на ДРК: OB0637580 (со важност од 20 мај 2014 до 19 мај 2019 година)<br><br>Шенген виза број 011518403, | Како началник на конгоанската национална полиција (PNC), Célestin Kanyama бил одговорен за прекумерната употреба на сила и насилна репресија во септември 2016 година во Kinshasa.<br><br>Во јули 2017 година, Célestin Kanyama бил назначен за генерален директор на училиштата за обука на PNC. Поради неговата функција како службено лице со висок ранг во PNC, тој е одговорен за неодамнешните повреди на човековите права извршени од PNC. Еден пример е заплашувањето и лишувањето од слобода на новинари од страна на полициски службеници во октомври 2018 година по објавувањето низа написи за присвојувањето оброци наменети за полициски питомци и улогата на Célestin Kanyama во тие настани. | 12 декември 2016 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | издадена на 2 јули 2016 година<br><br>Адреса: 56, avenue Usika, Kinshasa/Gombe, ДР Конго<br><br>Пол: машки | Оттука, Célestin Kanyama бил вклучен во планирање, насочување или извршување дела што претставуваат сериозни повреди или злоупотреби на човековите права во ДРК. | |
| 5 | John NUMBI | a.k.a. John Numbi Banza Tambo; John Numbi Banza Ntambo; Tambo Numbi<br><br>Датум на раѓање: 16.8.1962<br><br>Место на раѓање: Jadotville-Likasi-Kolwezi, ДРК<br><br>Националност: ДР Конго<br><br>Адреса: 5, avenue Oranger, Kinshasa/Gombe, ДР Конго<br><br>Пол: машки | John Numbi бил главен инспектор на конгоанските вооружени сили (FARDC) од јули 2018 година до јули 2020 година. Поради неговата функција, тој е одговорен за неодамнешните повреди на човековите права извршени од FARDC, како што е прекумерна употреба на сила врз илегалните рудари од јуни до јули 2019 година извршена од страна на силите на FARDC под негово директно раководство.<br><br>Оттука, John Numbi бил вклучен во планирање, насочување или извршување дела што претставуваат сериозни повреди или злоупотреби на човековите права во ДРК.<br><br>John Numbi продолжува да има влијание во FARDC, особено во Katanga, каде што се пријавени сериозни повреди на човековите права извршени од страна на FARDC. | 12 декември 2016 година |
| 6 | Evariste BOSHAB | a.k.a. Evariste Boshab Mabub Ma Bileng<br><br>Датум на раѓање: 12.1.1956 | Во својство на вицепремиер и министер за внатрешни работи и безбедност од декември 2014 година до декември 2016 година, Evariste Boshab бил официјално одговорен за полициските и безбедносните служби и за | 29 мај 2017 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Место на раѓање: Tete Kalamba, ДРК<br><br>Националност: ДР Конго<br><br>Број на дипломатски пасош: DP0000003 (со важност од 21 декември 2015 година до 20 декември 2020 година)<br><br>Шенген виза истечена на 5 јануари 2017 година<br><br>Адреса: 3, avenue du Rail, Kinshasa/Gombe, ДР Конго<br><br>Пол: машки | координирање на работата на гувернерите на покраините. Во ова својство, тој бил одговорен за апсења на активисти и членови на опозицијата, како и за прекумерната употреба на сила, вклучително и помеѓу септември 2016 година и декември 2016 година, како одговор на демонстрациите во Kinshasa, во коишто голем број цивили се убиени или повредени од безбедносните служби.<br><br>Оттука, Evariste Boshab бил вклучен во планирање, насочување или извршување дела што претставуваат сериозни повреди или злоупотреби на човековите права во ДРК.<br><br>Исто така, Evariste Boshab бил вмешан и во искористувањето и заострувањето на кризата во регионот Kasai, каде што сè уште има влијание, особено откако стана сенатор на Kasai во март 2019 година. | |
| 7 | Alex Kande MUPOMPA | a.k.a. Alexandre Kande Mupomba; Kande-Mupompa<br><br>Датум на раѓање: 23.9.1950<br><br>Место на раѓање: Kananga, ДРК<br><br>Националност: ДР Конго и Белгија<br><br>Број на пасош на ДРК: OP0024910 | Како гувернер на покраината Kasai Central до октомври 2017 година, Alex Kande Mupompa бил одговорен за прекумерната употреба на сила, насилна репресија и вонсудски убиства извршени од страна на безбедносните сили и конгоанската национална полиција (PNC) во покраината Kasai Central од август 2016 година, вклучувајќи и убиства на територијата на Dibaya во февруари 2017 година.<br><br>Оттука, Alex Kande Mupompa бил вклучен во | 29 мај 2017 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | (со важност од 21 март 2016 година до 20 март 2021 година)<br><br>Адреси: Messidorlaan 217/25, 1180 Uccle, Белгија<br><br>1, avenue Bumba, Kinshasa/Ngaliema, ДР Конго<br><br>Пол: машки | планирање, насочување или извршување дела што претставуваат сериозни повреди или злоупотреби на човековите права во ДРК.<br><br>Alex Kande Mupompa исто така бил вмешан во искористувањето и заострувањето на кризата во регионот Kasai, каде бил претставник до октомври 2019 година и каде што сѐ уште има влијание како водач на *Congrès des alliés pour l'action au Congo* (CAAC) којшто е дел од покраинската влада на Kasai. | |
| 8 | Jean-Claude Kazembe MUSONDA | Датум на раѓање: 17.5.1963<br><br>Место на раѓање: Kashobwe, ДРК<br><br>Националност: ДР Конго<br><br>Адреса: 7891, avenue Lubembe, Quartier Lido, Lubumbashi, Haut-Katanga, ДР Конго<br><br>Пол: машки | Како гувернер на Haut-Katanga до април 2017 година, Jean-Claude Kazembe Musonda бил одговорен за прекумерната употреба на сила и насилна репресија извршена од страна на безбедносните сили и конгоанската национална полиција (PNC) во Haut-Katanga, вклучително и помеѓу 15 и 31 декември 2016 година кога 12 цивили биле убиени и 64 биле повредени како резултат на употреба на смртоносна сила од страна на безбедносните сили, вклучително и агенти на PNC, како одговор на протестите во Lubumbashi.<br><br>Оттука, Jean-Claude Kazembe Musonda бил вклучен во планирање, насочување или извршување дела што претставуваат сериозни повреди или злоупотреби на човековите права во ДРК.<br><br>Jean-Claude Kazembe Musonda е лидерот на партијата CONAKAT, којашто остана лојална на *Front Commun* | 29 мај 2017 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | *pour le Congo* (FCC). | |
| 9 | Éric RUHORIMBERE | a.k.a. Eric Ruhorimbere Ruhanga; „Tango Two“; „Tango Deux“<br><br>Датум на раѓање: 16.7.1969<br><br>Место на раѓање: Minembwe, ДРК<br><br>Националност: ДР Конго<br><br>Број на воена легитимација: 1-69-09-51400-64<br><br>Број на пасош на ДРК: OB0814241<br><br>Адреса: Mbujimayi, Kasai Province, ДР Конго<br><br>Пол: машки | Како заменик-командант на 21-виот воен округ од септември 2014 година до јули 2018 година, Éric Ruhorimbere бил одговорен за прекумерната употреба на сила и вонсудски убиства извршени од конгоанските вооружени сили (FARDC), особено врз паравоените сили Nsapu и врз жени и деца.<br><br>Éric Ruhorimbere е командант на оперативниот сектор Nord Equateur од јули 2018 година. Поради неговата функција, тој е одговорен за неодамнешните повреди на човековите права извршени од FARDC.<br><br>Оттука, Éric Ruhorimbere бил вклучен во планирање, насочување или извршување дела што претставуваат сериозни повреди или злоупотреби на човековите права во ДРК. | 29 мај 2017 година |
| 10 | Emmanuel Ramazani SHA-DARI | a.k.a. Emmanuel Ramazani Shadari Mulanda; Shadary<br><br>Датум на раѓање: 29.11.1960<br><br>Место на раѓање: Kasongo, ДРК<br><br>Националност: ДР Конго<br><br>Адреса: 28, avenue Ntela, Mont | Како вицепремиер и министер за внатрешни работи и безбедност до февруари 2018 година, Emmanuel Ramazani Shadari бил официјално одговорен за полициските и безбедносните служби и за координирање на работата на гувернерите на покраините. Во ова својство, тој бил одговорен за апсењата на активисти и членови на опозицијата, како и за прекумерната употреба на сила, вклучително и насилна репресија врз членови на движењето Bundu Dia Kongo (BDK) во покраината Kongo Central, | 29 мај 2017 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Ngafula, Kinshasa, ДР Конго<br><br>Пол: машки | репресијата во Kinshasa од јануари до февруари 2017 година и за прекумерната употреба на сила и насилна репресија во провинциите Kasai.<br><br>Во ова својство, Emmanuel Ramazani Shadari бил вклучен во планирање, насочување или извршување дела што претставуваат сериозни повреди или злоупотреби на човековите права во ДРК.<br><br>Од февруари 2018 година, Emmanuel Ramazani Shadari е постојан секретар на партијата *Parti du peuple pour la reconstruction et le développement* (PPRD), којашто е главната партија во коалицијата на поранешниот претседател Joseph Kabila. | |
| 11 | Kalev MUTONDO | a.k.a. Kalev Katanga Mutondo; Kalev Motono; Kalev Mutundo; Kalev Mutoid; Kalev Mutombo; Kalev Mutond; Kalev Mutondo Katanga; Kalev Mutund<br><br>Датум на раѓање: 3.3.1957<br><br>Националност: ДР Конго<br><br>Број на пасош на ДРК: DB0004470 (со важност од 8 јуни 2012 до 7 јуни 2017 година)<br><br>Адреса: 24, avenue Ma Campagne, | Како шеф на Националната разузнавачка служба (ANR) до февруари 2019 година, Kalev Mutondo бил вклучен и одговорен за произволното апсење, притвор и злоставување на членови на опозицијата, активисти на граѓанско општество и други.<br><br>Оттука, Kalev Mutondo бил вклучен во планирање, насочување или извршување дела што претставуваат сериозни повреди или злоупотреби на човековите права во ДРК.<br><br>Во мај 2019 година, тој потпишал изјава за лојалност кон Joseph Kabila во минатото и за во иднина, со кого и понатаму останува близок. | 29 мај 2017 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Kinshasa, ДР Конго<br><br>Пол: машки | Kalev Mutondo сè уште има значително политичко влијание во неговата нова улога како „политички советник“ на премиерот на ДРК. | |

Б. Субјекти“

# COUNCIL DECISION (CFSP) 2020/2033

## of 10 December 2020

## amending Decision 2010/788/CFSP concerning restrictive measures against the Democratic Republic of the Congo

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 20 December 2010, the Council adopted Decision 2010/788/CFSP [1] concerning restrictive measures against the Democratic Republic of the Congo (DRC).

(2) On 12 December 2016, the Council adopted Decision (CFSP) 2016/2231 [2] in response to the obstruction of the electoral process and the related human rights violations in the DRC. Decision (CFSP) 2016/2231 amended Decision 2010/788/CFSP and introduced autonomous restrictive measures in Article 3(2) of Decision 2010/788/CFSP.

(3) On the basis of a review of the restrictive measures laid down in Article 3(2) of Decision 2010/788/CFSP, those measures should be renewed until 12 December 2021 and one person should be removed from the list in Annex II to that Decision.

(4) The statements of reasons relating to certain persons listed in Annex II to Decision 2010/788/CFSP should be amended.

(5) Decision 2010/788/CFSP should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

Decision 2010/788/CFSP is amended as follows:

(1) in Article 9, paragraph 2 is replaced by the following:

'2. The measures referred to in Article 3(2) shall apply until 12 December 2021. They shall be renewed, or amended as appropriate, if the Council deems that their objectives have not been met.';

(2) Annex II to Decision 2010/788/CFSP is replaced by the text appearing in the Annex to this Decision.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the day following that of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 10 December 2020.

*For the Council*

*The President*

M. ROTH

(1) Council Decision 2010/788/CFSP of 20 December 2010 concerning restrictive measures against the Democratic Republic of the Congo and repealing Common Position 2008/369/CFSP (OJ L 336, 21.12.2010, p. 30).

(2) Council Decision (CFSP) 2016/2231 of 12 December 2016 amending Decision 2010/788/CFSP concerning restrictive measures against the Democratic Republic of the Congo (OJ L 336I, 12.12.2016, p. 7).

*ANNEX*

*'ANNEX II*

**LIST OF PERSONS AND ENTITIES REFERRED TO IN ARTICLE 3(2)**

A. Persons

| | Name | Identifying information | Grounds for listing | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ilunga KAMPETE | a.k.a. Gaston Hughes Ilunga Kampete; Hugues Raston Ilunga Kampete<br><br>DOB: 24.11.1964<br><br>POB: Lubumbashi, DRC<br><br>Nationality: DRC<br><br>Military ID number: 1-64-86-22311-29<br>Address: 69, avenue Nyangwile, Kinsuka Mimosas, Kinshasa/Ngaliema, DRC<br><br>Gender: Male | As Commander of the Republican Guard (GR) until April 2020, Ilunga Kampete was responsible for the GR units deployed on the ground and involved in the disproportionate use of force and violent repression in September 2016 in Kinshasa.<br><br>He was also responsible for the repression and infringement of human rights committed by GR agents, such as the violent repression of an opposition rally in Lubumbashi in December 2018.<br><br>Since July 2020, he remains a high-ranking soldier, as a Lieutenant General in the Congolese Armed Forces (FARDC) and Commander of the Kitona military base in the province of Kongo Central. By virtue of his functions, he bears responsibility for the recent human rights violations committed by the FARDC.<br><br>Ilunga Kampete was therefore involved in planning, directing or committing acts that constitute serious human rights violations or abuses in the DRC. | 12.12.2016 |
| 2 | Gabriel Amisi KUMBA | a.k.a. Gabriel Amisi Nkumba; "Tango Fort"; "Tango Four"<br><br>DOB: 28.5.1964<br><br>POB: Malela, DRC<br><br>Nationality: DRC<br><br>Military ID number: 1-64-87-77512-30<br><br>Address: 22, avenue Mbenseke, Ma Campagne, Kinshasa/Ngaliema, DRC<br><br>Gender: Male | Former Commander of the first defence zone of the Congolese Armed Forces (FARDC), which took part in the disproportionate use of force and violent repression in September 2016 in Kinshasa.<br><br>In his capacity as Deputy Chief of Staff of the FARDC in charge of operations and intelligence from July 2018 to July 2020, and owing to his senior duties as Inspector General of the FARDC since July 2020, he bears responsibility for recent human rights violations committed by the FARDC.<br><br>Gabriel Amisi Kumba was therefore involved in planning, directing or committing acts that constitute serious human rights violations or abuses in the DRC. | 12.12.2016 |

| | Name | Identifying information | Grounds for listing | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Ferdinand Ilunga LUYOYO | DOB: 8.3.1973<br>POB: Lubumbashi, DRC<br>Nationality: DRC<br>DRC passport number: OB0260335 (valid from 15.4.2011 to 14.4.2016)<br>Address: 2, avenue des Orangers, Kinshasa/Gombe, DRC<br>Gender: Male | As Commander of the anti-riot unit called the *Légion Nationale d'Intervention* of the Congolese National Police (PNC) until 2017, and Commander of the unit responsible for the protection of institutions and high-ranking officials within the PNC until December 2019, Ferdinand Ilunga Luyoyo was responsible for the disproportionate use of force and violent repression in September 2016 in Kinshasa, and bears responsibility for the subsequent human rights violations committed by the PNC.<br>Ferdinand Ilunga Luyoyo was therefore involved in planning, directing or committing acts that constitute serious human rights violations or abuses in the DRC.<br>Ferdinand Ilunga Luyoyo has retained his rank of General and remains active on the public scene in the DRC. | 12.12.2016 |
| 4 | Célestin KANYAMA | a.k.a. Kanyama Tshisiku Celestin; Kanyama Celestin Cishiku Antoine; Kanyama Cishiku Bilolo Célestin; "Esprit de mort"<br>DOB: 4.10.1960<br>POB: Kananga, DRC<br>Nationality: DRC<br>DRC passport number: OB0637580 (valid from 20.5.2014 to 19.5.2019)<br>Schengen visa number 011518403, issued on 2.7.2016<br>Address: 56, avenue Usika, Kinshasa/Gombe, DRC<br>Gender: Male | As Commissioner of the Congolese National Police (PNC), Célestin Kanyama was responsible for the disproportionate use of force and violent repression in September 2016 in Kinshasa.<br>In July 2017, Célestin Kanyama was appointed Director-General of the PNC's training schools. Owing to his role as a senior PNC official, he bears responsibility for the recent human rights violations committed by the PNC. One example is the intimidation and deprivation of freedom imposed on journalists by police officers in October 2018, after the publication of a series of articles on the misappropriation of police cadet rations, and the role that Célestin Kanyama played in these events.<br>Célestin Kanyama was therefore involved in planning, directing or committing acts that constitute serious human rights violations or abuses in the DRC. | 12.12.2016 |
| 5 | John NUMBI | a.k.a. John Numbi Banza Tambo; John Numbi Banza Ntambo; Tambo Numbi<br>DOB: 16.8.1962<br>POB: Jadotville-Likasi-Kolwezi, DRC<br>Nationality: DRC<br>Address: 5, avenue Oranger, Kinshasa/Gombe, DRC<br>Gender: Male | John Numbi was Inspector General of the Congolese Armed Forces (FARDC) from July 2018 until July 2020. Owing to his role, he bears responsibility for the recent human rights violations committed by the FARDC, such as disproportionate violence against illegal miners from June to July 2019 committed by FARDC troops under his direct authority.<br>John Numbi was therefore involved in planning, directing or committing acts that constitute serious human rights violations or abuses in the DRC.<br>John Numbi retains a position of influence in the FARDC, especially in Katanga, where serious human rights violations committed by the FARDC have been reported. | 12.12.2016 |

| | Name | Identifying information | Grounds for listing | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 6 | Evariste BOSHAB | a.k.a. Evariste Boshab Mabub Ma Bileng<br><br>DOB: 12.1.1956<br><br>POB: Tete Kalamba, DRC<br><br>Nationality: DRC<br><br>Diplomatic passport number: DP0000003 (valid from 21.12.2015 to 20.12.2020)<br><br>Schengen visa expired on 5.1.2017<br><br>Address: 3, avenue du Rail, Kinshasa/Gombe, DRC<br><br>Gender: Male | In his capacity as Vice Prime Minister and Minister of Interior and Security from December 2014 to December 2016, Evariste Boshab was officially responsible for the police and security services and for coordinating the work of provincial governors. In this capacity, he was responsible for arrests of activists and opposition members, as well as disproportionate use of force, including between September 2016 and December 2016 in response to demonstrations in Kinshasa, which resulted in a large number of civilians being killed or injured by security services.<br><br>Evariste Boshab was therefore involved in planning, directing or committing acts that constitute serious human rights violations or abuses in the DRC.<br><br>Evariste Boshab also played a part in the exploitation and aggravation of the crisis in the Kasai region, where he maintains a position of influence, in particular since becoming Senator of Kasai in March 2019. | 29.5.2017 |
| 7 | Alex Kande MUPOMPA | a.k.a. Alexandre Kande Mupomba; Kande-Mupompa<br><br>DOB: 23.9.1950<br><br>POB: Kananga, DRC<br><br>Nationality: DRC and Belgian<br><br>DRC passport number: OP0024910 (valid from 21.3.2016 to 20.3.2021)<br><br>Addresses: Messidorlaan 217/25, 1180 Uccle, Belgium<br><br>1, avenue Bumba, Kinshasa/Ngaliema, DRC<br><br>Gender: Male | As Governor of Kasai Central until October 2017, Alex Kande Mupompa was responsible for the disproportionate use of force, violent repression and extrajudicial killings committed by security forces and the Congolese National Police (PNC) in Kasai Central from August 2016, including killings in the territory of Dibaya in February 2017.<br><br>Alex Kande Mupompa was therefore involved in planning, directing or committing acts that constitute serious human rights violations or abuses in the DRC.<br><br>Alex Kande Mupompa also played a part in the exploitation and aggravation of the crisis in the Kasai region for which he was a representative until October 2019 and in which he maintains a position of influence as leader of the *Congrès des alliés pour l'action au Congo* (CAAC) which is part of the provincial government of Kasai. | 29.5.2017 |
| 8 | Jean-Claude Kazembe MUSONDA | DOB: 17.5.1963<br><br>POB: Kashobwe, DRC<br><br>Nationality: DRC<br><br>Address: 7891, avenue Lubembe, Quartier Lido, Lubumbashi, Haut-Katanga, DRC | As Governor of Haut-Katanga until April 2017, Jean-Claude Kazembe Musonda was responsible for the disproportionate use of force and violent repression committed by security forces and the Congolese National Police (PNC) in Haut-Katanga, including between 15 and 31 December 2016, when 12 civilians were killed and 64 were injured as a result of the use of lethal force by security forces including PNC agents in response to protests in Lubumbashi. | 29.5.2017 |

| | Name | Identifying information | Grounds for listing | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| | | Gender: Male | Jean-Claude Kazembe Musonda was therefore involved in planning, directing or committing acts that constitute serious human rights violations or abuses in the DRC.<br><br>Jean-Claude Kazembe Musonda is the leader of the CONAKAT party, which has remained loyal to the *Front Commun pour le Congo* (FCC). | |
| 9 | Éric RUHORIMBERE | a.k.a. Eric Ruhorimbere Ruhanga; "Tango Two"; "Tango Deux"<br><br>DOB: 16.7.1969<br><br>POB: Minembwe, DRC<br><br>Nationality: DRC<br><br>Military ID number: 1-69-09-51400-64<br><br>DRC passport number: OB0814241<br><br>Address: Mbujimayi, Kasai Province, DRC<br><br>Gender: Male | As Deputy Commander of the 21st military region from September 2014 to July 2018, Éric Ruhorimbere was responsible for the disproportionate use of force and extrajudicial killings perpetrated by the Congolese Armed Forces (FARDC), in particular against the Nsapu militia and women and children.<br><br>Éric Ruhorimbere has been the Commander of the Nord Equateur operational sector since July 2018. Owing to his role, he bears responsibility for the recent human rights violations committed by the FARDC.<br><br>Éric Ruhorimbere was therefore involved in planning, directing or committing acts that constitute serious human rights violations or abuses in the DRC. | 29.5.2017 |
| 10 | Emmanuel Ramazani SHADARI | a.k.a. Emmanuel Ramazani Shadari Mulanda; Shadary<br><br>DOB: 29.11.1960<br><br>POB: Kasongo, DRC<br><br>Nationality: DRC<br><br>Address: 28, avenue Ntela, Mont Ngafula, Kinshasa, DRC<br><br>Gender: Male | As Vice Prime Minister and Minister of Interior and Security until February 2018, Emmanuel Ramazani Shadari was officially responsible for the police and security services and for coordinating the work of provincial governors. In this capacity, he was responsible for the arrests of activists and opposition members, as well as for the disproportionate use of force, such as the violent crackdown on members of the Bundu Dia Kongo (BDK) movement in Kongo Central, the repression in Kinshasa from January to February 2017 and the disproportionate use of force and violent repression in the Kasai provinces.<br><br>In this capacity, Emmanuel Ramazani Shadari was therefore involved in planning, directing or committing acts that constitute serious human rights violations or abuses in the DRC.<br><br>Since February 2018, Emmanuel Ramazani Shadari has been permanent secretary of the *Parti du peuple pour la reconstruction et le développement* (PPRD), the main party in the coalition under former President Joseph Kabila. | 29.5.2017 |

| | Name | Identifying information | Grounds for listing | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 11 | Kalev MUTONDO | a.k.a. Kalev Katanga Mutondo; Kalev Motono; Kalev Mutundo; Kalev Mutoid; Kalev Mutombo; Kalev Mutond; Kalev Mutondo Katanga; Kalev Mutund<br><br>DOB: 3.3.1957<br><br>Nationality: DRC<br><br>DRC passport number: DB0004470 (valid from 8.6.2012 to 7.6.2017)<br><br>Address: 24, avenue Ma Campagne, Kinshasa, DRC<br><br>Gender: Male | As Head of the National Intelligence Service (ANR) until February 2019, Kalev Mutondo was involved in and responsible for the arbitrary arrest, detention and mistreatment of opposition members, civil society activists and others.<br><br>Kalev Mutondo was therefore involved in planning, directing or committing acts that constitute serious human rights violations or abuses in the DRC.<br><br>In May 2019, he signed a declaration of past and future loyalty to Joseph Kabila, to whom he remains close.<br><br>Kalev Mutondo still wields a high degree of political influence, in his new role as "political advisor" to the Prime Minister of the DRC. | 29.5.2017 |

B. Entities'